Скопје-Shkup

Врз основа на член 70-в став 1 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15,154/15,39/16 и 11/18), Министерот за култура донесе:

# ПРОГРАМА
# ЗА ИЗГРАДБА НА НОВИ ОБЈЕКТИ И ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА, САНАЦИЈА И АДАПТАЦИЈА НА ПОСТОЈНИТЕ ОБЈЕКТИ ШТО ГИ КОРИСТАТ НАЦИОНАЛНИТЕ УСТАНОВИ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА ЗА 2024 ГОДИНА

**1.** Со оваа Програма се определуваат видот, носителот на активностите и износот на планирани финансиски средства за изградбата на нови објекти од областа на културата и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат националните установи од областа на културата за 2024 година.

**2.** Со оваа програма се планира да се реализираат следниве активности:

| **Ред. бр.** | **Опис на активноста** | **Носител на активноста** | **Износ на финансиски средства** |
|---|---|---|---|
| 1. | Реконструкција со надградба и доградба на објект „Универзална сала“ во Скопје | Министерство за култура | 120 000 000,00 денари |
| 2. | Изградба на објект наменет за НУ Турски Театар во Скопје (фаза: термотехнички, електротехнички и хидротехнички инсталации и дел градежни и градежно-занатски работи) | НУ Турски Театар - Скопје | 104 000 000,00 денари |
| 3. | Изградба на нов објект наменет за театар и библиотека во Тетово | НУ ЦК „Ињо Антески – Смок“ Тетово | 195 000 000 ,00 денари |
| 4. | Изведба на работи за реконструкција на објект на НУ Центар за култура „Трајко Прокопиев“ – Куманово (зграда за театар) | НУ Центар за култура „Трајко Прокопиев“ – Куманово | 10 000 000,00 денари |
| 5. | Изведба на работи за реконструкција на објектот на НУ Музеј на Република Северна | Министерство за култура | 20 000 000,00 денари |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Македонија<br>(фаза: рекострукција на кровна површина) | | |
| **6.** | Обезбедување на проектна документација за Реконструкција на објектот НУ Центар за култура „Марко Цепенков“ Прилеп | НУ Центар за култура „Марко Цепенков“ Прилеп | 3 050 000,00 денари |
| **7.** | Изведба на работи за реконструкција – санација и адаптација на објект на поранешно кино „Партизан“ во Битола при НУ „Народен театар – Битола“ | Министерство за култура | 14 950 000,00 денари |

**3.** Финансиските средства за реализација на активностите од точка 2 на оваа програма во износ од 467 000 000,00 денари се обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година, Раздел 18010 – Финансирање на дејностите од областа на културата, програми – 40, 41, 49, 50, 84 и 85 од ставките 482 – други градежни работи.

**4.** Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето на веб-страницата на Министерството за култура, а ќе се објави по добивањето согласност од Владата на Република Северна Македонија.

Министерство за култура
Министер
Бисера Костадиновска-Стојчевска